СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 225/2021
Дата.........................
26-02-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Ново Село, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село.**

Површината на планскиот опфат изнесува 1,18 ha и делумно зафаќа земјоделско земјиште. Пречистителната станица ќе се лоцира на КП 5581 во КО Сушица, Општина Ново Село.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y00521** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Ново Село**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 33411 од 11.01.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село**. Површината на планскиот опфат изнесува 1,18 ha. Пречистителната станица ќе се лоцира на КП 5581 во КО Сушица.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 225/2021 од 16.02.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6-канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с. Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Д. Марк.

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk